ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - СКОПЈЕ
Сектор за урбанизам комунални дејности
и заштита на животна средина
Одделение за спроведување на
урбанистички планови

# СООПШТЕНИЕ

**за изработка на ДУП за градска четврт СЗ 14, Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Се известуваат граѓаните и правните лица дека во тек е изработка на **ДУП за градска четврт СЗ 14 во Општина Ѓорче Петров, Скопје**, со вкупна површина на плански опфат од 64,96 ха,во рамки на сленитe граници:

- север: градска магистрала ул. „Црногорска„
- исток: градска магистрала бул. „Македонска војска„
- југ: собирна улица ул. „Ѓорче Петров„
- запад: собирна улица ул. „Сремски фронт„

Во тек на изработка на планот, кој се уште е во работна верзија Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина при Општина Ѓорче Петров, Скопје го изложува планот со цел презентирање на 2 варијантни концепти по кои очекуваме да се произнесете. Една од предложените варијанти се однесува на планирано домување во станбени згради согласно ГУП на Град Скопје во коридорот покрај ул. „Ѓорче Петров„ во ширина од 25м, а во другата се задржува концептот на домување во станбени куќи во делот покрај ул. „Ѓорче Петров„. Целта на излагањето на планот е прибирање на мислења, сугестии, забелешки и информации од граѓаните и правните лица кои ќе придонесат за поквалитетна изработка на предлог планот.

Планот ќе биде изложен во просториите на **УЗ „Ѓорче Петров„ од 19.04.2016 – 03.05.2016 год.** секој работен ден од 09.00–20.00час. Консултации со граѓаните за прибирање на мислења, сугестии, забелешки и информации во врска со планските решенија ќе се одржат на ден **22.04.2016 год. (петок) и 26.04.2014 год. (вторник)** од 08.00 – 16.00час. во просториите на Одделението за спроведување на урбанистички планови при Општина Ѓорче Петров.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Сокол Митровски**